Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за информатичко општество и администрација
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Бр. - Nr 14-739/2
01.03.2023 год. - viti
Скопје / Shkup

# Записник од 61 -та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Агенција за електронски комуникации | | |
| **Датум** | 13.01.2023 година<br>18.01.2023 година | **Време** | 13.00 – 15.00 часот<br>13.00 – 15.00 часот |
| **Бр. на седница** | 61-та седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК<br>6. Лавдрим Елмази – член на НКБК<br>7. Блерта Превала Етеми– член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | / | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Букурије Јашари | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Примено: / E pranuar: 01.03.23
Орг. Един. / Nj. org | Вредност / Vlera
14- 739/2

| ДНЕВЕН РЕД |
| --- |
| 1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 15.12.2022 година;<br>2. Подготовка и усвојување на Предлози и коментари на НКБК на целосниот предлог текст на Националната ИКТ стратегија 2023-2027 со Акциски план;<br>3. Разно. |
| ; |
| |

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов, ја отвори 61-та редовна седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни сите членови на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува. Дневниот ред беше усвоен едногласно од сите присутни членови.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК го усвоија записникот од 60-та седница, одржана на 15.12.2022 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамките на втората точка, претседателот на телото, Димитар Буковалов, отвори дискусија за предлозите и коментарите кои НКБК ги подготвуваше на предлог текстот на Националната ИКТ стратегија 2023-2027. Членовите на телото дискутираа за насловот на стратегијата, за кој оценија дека треба да биде променет во согласност со новиот технолошки развој. Исто така, едногласно беше констатирано дека стратегијата е преобемна и истата треба да претрпи ревизија, односно одредени делови во неа кои се совпаѓаат или се преземени од Националниот оперативен бродбенд план (НОБП), треба да се изземат.

Во продолжението на 61-та седница, кое се одржа на 18.01.2023 година, Националната канцеларија за бродбенд компетентност го разгледуваше Акциониот план на Националната ИКТ стратегија 2023-2027. Планот за столбот 1 содржи податоци кој опфаќа активности, исходи, одговорни институции за спроведување на активностите, рок за реализација, буџетски импликации за активностите и индикатори за успех. Членовите на телото во Акцискиот план ги прецизираа роковите за реално спроведување на планираните активности за следните цели: обезбедување гигабитно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции, развој на

Владина ИКТ инфраструктура и развој на Национална образовна ИКТ инфраструктура.

По завршувањето на дискусијата и работата на предлозите и коментарите, Буковалов го стави материјалот на гласање.

**Заклучок** : Членовите на НКБК едногласно ги усвоија предлозите и коментарите на целосниот предлог текст на Националната ИКТ стратегија 2023-2027 со Акцискиот план и истите ќе бидат доставени до Министерството за информатичко општество и администрација

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно“, не се отвори дополнителна дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________